РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Скопје

| Примено: | 22-07-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | 09-126/2 | | |

08-63/4
12.07.24

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 4 седница одржана на 30.05.2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по политички науки од областа Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Arts (M.A.) in Political Science in the area of International Relations, Diplomacy and European Intergration.

Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки, Научно – истражувачко поле: 5.6 Политички науки„ Научно – истражувачка област: Политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго ) (50700), Меѓународни политички организации (50704), Дипломатија (50705), Методологија и теорија во политичките науки (50709).

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 15 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 02-181/6 од 30.01.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Меѓународни односи, дипломатија и европски интеграции", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.09-126/1 од 31.01.2024 година (наш бр. 08 - 63/1 од 31.01.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 3-та седницата одржана на 10.05.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 63/3 од 04.06.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 4-та седница одржана на 30.05.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски